РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04- 349/35

Скопје,Shkup,Skopje 20.12.2023 година/viti/year

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 04-349/34 од 19.12.2023 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник

1. За извршител на работно место **Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти**, со звање Државен советник, се избира кандидатот **Тања Ковачев**.

2. За именуваниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување во рок од пет дена од по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 01.12.2023 година на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 03/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник а по добиено Известувањето од Министерство за финансии со архивски број 18-10235/2 од 06.10.2023 година за обезбедени финансиски средства за унапредување.

Со Решение бр.04-349/32 од 15.12.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за унапредување. По спроведената постапка за селекција Комисијата изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-349/23од 19.12.2023 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-349/34 од 19.12.2023 година и по спроведено интервју од страна на Директорот на Агенцијата, Комисијата ја изготви финалната ранг-листа од интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат Тања Ковачев со вкупно освоени 33,00

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Delçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

бодови за работното место Државен советник за соработка со имателите на информации, меѓународна соработка и проекти.

Имајќи го предвид горе наведеното, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ја донесе оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од осум дена од денот на објавувањето има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

Директор,

Пламенка Бојчева

Доставено до:
- Именуваниот и
- Архива.

Бул. „ Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Delçev" nr.18 Shkup F.P. 561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk